Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

Министерство за култура | Ministria e Kulturës

Бр. 32-1339/1
04.02 2022 год
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - МУЗЕЈ
"Д-Р НИКОЛА НЕЗЛОБИНСКИ"
INSTITUCIONI NACIONAL - MUZEU
"D-R NIKOLA NEZLOBINSKI"
Бр / Nr 03-28/1
15.02. 20 22
Струга Struge

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. **Министерството за култура на Република Северна Македонија**, со адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61 - Скопје, застапувано од министерот за култура **Бисера Костадиновска - Стојчевска** (во натамошниот текст: Министерството) од една страна и

2.**Националната установа Музеј Д-р Никола Незлобински Струга од Струга** (во натамошниот текст: Установата) застапувана од В.Д.Дирек. Јован Василески, адреса Борис Хаџиески бр. 69, тел. 046 786 644, жиро-сметка 180100909160314 единствен даночен број 4026974105377, депонент на банката Стопанска, од друга страна, на ден 14.02.2022 склучија

**Д О Г О В О Р**

**за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Националната установа Музеј Д-р Никола Незлобински Струга од Струга за 2022 година од областа на заштита на недвижното културно наследство**

**Член 1**

(1) Со овој договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на Министерството и на Установата во врска со финансирањето и остварувањето на Годишната програма за работа на Установата за 2022 година од областа на заштита на недвижното културно наследство (во натамошниот текст: Годишната програма).

(2) Министерството ќе учествува во финансирањето на Годишната програма со средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 год. во вкупен износ од **2.290.450,00 (два милиони двесте и деведесет илјади четиристотини и педесет) денари и тоа за:**

1. **Програмски активности на установата**

| Бр. 1 | Проекти | денари |
|---|---|---|
| 1.1 | Осовременување на постојната природо-научна поставка | 2.290.450,00 |
| | ВКУПНО | **2.290.450,00** |

(3) Составен дел на овој договор е финансискиот план за остварување на Годишната програма.

## Права, обврски и одговорности на Министерството

### Член 2

(1) Министерството има обврска средствата од член 1 став (2) од овој договор да ги преведува во согласност со месечно одобрените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, а задолжително врз основа на:

- доставено писмено барање од Установата до Министерството за исплата на средствата;
- побараната динамика за користење на средствата од страна на Установата
- финансискиот план за остварување на Годишната програма.

(2) Министерството нема да започне со преведување на средствата од член 1 став (2) од овој договор, се додека Установата не ги достави потребните акти од ставот (1) на овој член.

(3) Целосното исплаќање на средствата за секој од проектите од член 1 од овој договор, Министерството ќе го изврши по доставувањето на наративен и детален финансиски извештај со соодветна придружна документација (договори, фактури, пропаганден материјал) за проектот.

(4) Деталниот финансиски извештај од ставот (3) на овој член се поднесува на Образец за финансиски извештај, кој е достапен на веб страницата на Министерството.

(5) Министерството има право да побара дополнителни материјали, документација и докази за проверка на Образецот од став (4) на овој член.

(6) Министерството нема да ги признае потрошените финансиски средства за проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор како наменски потрошени, без целосно приложена документација (фактури, сметки, спецификации, авторски и изведувачки договори, банковни изводи и/или друга документација утврдена со овој договор) со која се потврдува оправданоста на потрошените средства.

(7) Во случај кога Установата ќе приложи докази, односно документација за направени трошоци кои не кореспондираат со реалната цена на чинење, Министерството задолжително ќе побара од Установата дополнително образложение за износот на средствата за кои е направен трошокот.

(8) Во случај кога и по доставеното образложение на Установата за износот на потрошените средства, Министерството ќе утврди дека потрошените средства за реализација на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор се повисоки од реалната цена на чинење или дека дел од средствата се ненаменски потрошени или дека дел од трошоците се неоправдани или за реализацијата на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор се потрошени помалку средства од средствата утврдени во членот 2 од овој договор, задолжително ќе се склучи анекс на договорот со Установата, со кој ќе се утврди конечниот износ на средства кои се реални, наменски и оправдано потрошени за реализација на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор. Установата е должна анексот на договорот да го врати до Министерството потпишан во рок од 10 дена од неговиот прием.

(9) Министерството има право непосредно да ги контактира сите правни и физички лица кои според приложената документација учествувале во реализација на проектот и на кои корисникот им исплатил средства согласно овој договор.

(10) Министерството не е одговорно директно или индиректно за штети што произлегуваат од било каква активност на корисникот при реализацијата на

проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор и не може да прифати барање за надомест или зголемување на исплата на средства за таквата штета или повреда.

**Член 3**

(1) Министерството врши контрола и надзор над законитото, наменското и економичното користење на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, за што Установата е должна на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на Годишната програма.

(2) Трошоците направени над износот на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, Министерството нема обврска да ги намири.

**Права, обврски и одговорности на Установата**

**Член 4**

(1) Установата е должна да ја реализира Годишната програма заклучно со 31.12.2022 година.

(2) Установата е должна наменски да ги користи средствата добиени од Министерството и да ја реализира Годишната програма во рамките на обезбедените средства од Министерството и од други извори.

(3) Установата има обврска средствата од членот 1 став (2) од овој договор да ги користи наменски, законски, економично и рационално и во функција на непречено остварување на Годишната програма и за тоа да води соодветна финансиска евиденција и документација во согласност со законските прописи.

(4) За реализација на Годишната програма Установата е должна до Министерството за култура да доставува квартални извештаи.

**Член 5**

Покрај средствата од членот 1 став (2) од овој договор, приходите кои Установата ќе ги оствари од други извори (закупнини, самофинансирачки активности, спонзорства, донации итн.), е должна да ги користи за континуирано и непречено остварување на дејноста на Установата, согласно закон.

**Член 6**

Установата е должна на својата веб страница, односно во средствата за јавно информирање да ги објави проектите кои ќе ги реализира во тековната година.

**Член 7**

(1) На пропагандниот материјал од проектите од членот 1 став (2) од овој договор, Установата треба на соодветен начин да го објави учеството на Министерството во нивното финансирање.

**Член 8**

(1) Установата е должна до крајот на март 2023 година до Министерството да достави Извештај за реализацијата на Годишната програма, кој содржи: наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените

средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, согласно важечките прописи.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член Установата е должна да го достави на Образец кој е објавен на веб страницата на Министерството.

## Член 9

Установата е должна на својата веб страница, односно во средствата за јавно информирање до крајот на март 2023 година да го објави извештајот за реализацијата на Годишната програма.

## Член 10

(1) За реализација на Годишната програма, Установата има обврска, согласно со позитивната законска регулатива, да ги регулира правата и обврските на Установата кои произлегуваат од реализацијата на проектите од членот 1 став (2) од овој договор.

(2) Установата при реализација на проектите од членот 1 став (2) од овој договор, задолжително ќе ги почитува и применува одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за авторското право и сродните права и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## Измени и дополнувања на Договорот

## Член 11

(1) Министерството го задржува правото на измена на висината на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, согласно со измените на висината на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, за што ќе се случи анекс кон овој договор.

(2) За потребата од евентуални измени и дополнувања на Годишната програма, Установата има обврска писмено да го информира Министерството за култура и да ги образложи причините. Измени и дополнувања на износот на средствата и на намените на средствата од членот 1 став (2) од овој договор и измени на проектите од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор може да се врши само со претходна согласност на Министерството и со склучување на анекс кон овој договор.

## Член 12

При секој облик на комуникација – доставување на известувања за измена и дополнување на овој договор, доставувања на извештаи поврзани со овој договор, задолжително е со наведување на архивскиот број на овој договор и називот на проектот.

## Член 13

Министерството и Установата се единствени договорни страни во овој договор. Министерството во никој случај не е договорно поврзано со учесниците во проектот/ите од членот 1 став (1) точка 1 од овој договор.

**Член 14**

(1) За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

(2) Евентуалните спорови во врска со извршувањето на Договорот, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а во случај на спор, надлежен е стварно-надлежниот суд во Скопје.

**Член 15**

Договорот е составен во четири (4) еднакви примероци, по два (2) за двете договорни страни.

**Член 16**

Договорот влегува во сила од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**НУ** Д-р Никола Незлобински-Струга
В.д. **Директор,**
Јован Василески

**Министерство за култура,**
**Министер,**
Бисера Костадиновска-Стојчевска

Подготви: Марина Тасева, Помлад соработник
Провери: Елена Павлова, Раководител на одделение
Согласен: Afed Jashari, Помошник раководител на сектор
Одобри: Оливера Ливриниќ, Раководител на сектор

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Бр. 50-1944/1
16.02. 2022 год.
Скопје

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МУЗЕЈ
Д-Р НИКОЛА НЕЗЛОБИНСКИ
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU
D-R NIKOLLA NEZLLOBINSKI
Br. Nr. 03 – 32/1
24.02 2022
Струга Struge

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. **Министерството за култура на Република Северна Македонија,** со адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61 - Скопје, застапувано од министерот за култура Бисера Костадиновска – Стојчевска (во натамошниот текст: Министерството) од една страна и

2. **НУ Музеј др. Никола Незлобински - Струга** со седиште на Боро Хаџиевски – Путе бр.69 - Струга, застапуван од директорот Јован Василевски (во понатамошен текст: Установата), од друга страна, на ден 24.02.2022 склучија

# Д О Г О В О Р

## За обезбедување на финансиски средства за Националната Установа Музеј др. Никола Незлобински - Струга

Член 1

(1) Со овој договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на Министерството и на Установата во врска со финансирањето и остварувањето на Годишната програма бр. 50-14687/1 од 24.12.2021 година за изградба на нови објекти и за реконструкција, санација и адаптација на постојните објекти што ги користат националните установи од областа на културата за 2022 година (во натамошниот текст: Годишната програма).

(2) Министерството ќе учествува во финансирањето на проект за реконструкција на објектот за музејска поставка на Националната установа при Националната Установа Музеј “др. Никола Незлобински”– Струга, со средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, раздел 18010-финансирање на дејностите од областа на културата, Програма 84 – Одржување на објектите и опремата во областа на културата, ставка 482 – други градежни работи во износ од 6.000.000,00 (шестмилиони) денари.

## Права, обврски и одговорности на Министерството

Член 2

(1) Министерството има обврска средствата од член 1 став (2) од овој договор да ги преведува во согласност со одобрените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, а задолжително врз основа на доставено писмено барање од Установата до Министерството за исплата на средствата со прилог финансиска документација за реализација на проектот односно договори, фактури со испратници, времени ситуации со градежни книги) согласно потпишаните договори помеѓу Носителот на активноста и Носителите на Договорите.

(2) Министерството нема да ги преведе финансиските средства од член 1 став (2) од овој договор, се додека Установата не ги достави потребните документи од ставот (1) на овој член.

(3) Министерството има право да побара дополнителни материјали, документација и докази за проверка на документацијата од став (1) од овој член.

(4) Министерството нема да ги исплати бараните финансиски средства за проектот од членот 1 став (2) од овој договор, без целосно приложена документација со која се потврдува реализацијта на проектот.

(5) Во случај кога Установата ќе приложи докази, односно документација за направени трошоци кои не кореспондираат со реалната цена на чинење, Министерството задолжително ќе побара од Установата дополнително образложение за износот на средствата за кои е направен трошокот.

(6) Во случај кога и по доставеното образложение на Установата за износот на потрошените средства, Министерството ќе утврди дека потрошените средства за реализација на проектот од членот 1 став (2) од овој договор се повисоки од реалната цена на чинење или дека дел од средствата се ненаменски потрошени или дека дел од трошоците се неоправдани или за реализацијата на проектот од членот 1 став (2) од овој договор се потрошени помалку средства од средствата утврдени во членот 1 од овој договор, задолжително ќе се склучи анекс на договорот со Установата, со кој ќе се утврди конечниот износ на средства кои се реални, наменски и оправдано потрошени за реализација на проектот од членот 1 став (2) од овој договор. Установата е должна анексот на договорот да го врати до Министерството потпишан во рок од 10 дена од неговиот прием.

(7) Министерството не е одговорно директно или индиректно за штети што произлегуваат од било каква активност на корисникот при реализацијата на проектот од членот 1 став (2) од овој договор и не може да прифати барање за надомест или зголемување на исплата на средства за таквата штета или повреда.

Член 3

(1) Министерството врши контрола и надзор над законитото, наменското и економичното користење на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, за што Установата е должна на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на проектот од овој договор.

(2) Трошоците направени над износот на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, Министерството нема обврска да ги намири.

## Права, обврски и одговорности на Установата

Член 4

(1) Установата е должна да го реализира проект заклучно со 15.12.2022 година.

(2) Установата е должна наменски да ги користи средствата добиени од Министерството и да го реализира проектот во рамките на обезбедените средства од Министерството.

(3)Установата има обврска средствата од членот 1 став (2) од овој договор да ги користи наменски, законски, економично и рационално и во функција на непречено остварување на проектот и за тоа да води соодветна финансиска евиденција и документација во согласност со законските прописи.

Член 5

(1) За реализација на проектот, Установата има обврска, согласно со позитивната законска регулатива, да ги регулира правата и обврските на Установата кои произлегуваат од реализацијата на проектот од членот 1 став (2) од овој договор, како и да ги обезбеди сите потребни одобренија и согласности потребни за реализација на проектот кој се финансира со овој договор.

(2)Установата при реализација на проектот од членот 1 став (2) од овој договор, задолжително ќе ги почитува и применува одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за градењето, Законот за заштита на културното наследство и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## Измени и дополнувања на Договорот

Член 6

(1) Министерството го задржува правото на измена на висината на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, согласно со измените на висината на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, за што ќе се склучи анекс кон овој договор.

(2) За потребата од евентуални измени и дополнувања при реализацијата на проектот, Установата има обврска писмено да го информира Министерството за култура и да ги образложи причините. Измени и дополнувања на износот на средствата и на намените на средствата од членот 1 став (2) од овој договор и измени на проектот од членот 1 став (2) од овој договор може да се врши само со претходна согласност на Министерството и со склучување на анекс кон овој договор.

Член 7

При секој облик на комуникација – доставување на известувања за измена и дополнување на овој договор, доставувања на извештаи поврзани со овој договор, задолжително е со наведување на архивскиот број на овој договор и називот на проектот.

Член 8

Министерството и Установата се единствени договорни страни во овој договор. Министерството во никој случај не е договорно поврзано со учесниците во проектот/ите од членот 1 став (2) од овој договор.

Член 9

(1) За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

(2) Евентуалните спорови во врска со извршувањето на Договорот, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а во случај на спор, надлежен е стварно-надлежниот суд во Скопје.

Член 10

Договорот е составен во четири (4) еднакви примероци, по два (2) за двете договорни страни.

Член 11

Договорот влегува во сила од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

| НУ МУЗЕЈ<br>др. Никола Незлобински<br>- Струга | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА |
|---|---|
| ДИРЕКТОР<br>Јован Василевски | МИНИСТЕР<br>Бисера Костадиновска - Стојчевска |

Изготвил: Јадранка Мадиќ, советник

Проверил: Владимир Попоски, раководител на сектор

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура** | **Ministria e Kulturës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА - МУЗЕЈ
"Д-Р НИКОЛА НЕЗЛОБИНСКИ"
INSTITUCIONI NACIONAL MUZEU
"D-R. NIKOLA NEZLOBINSKI"
Бр/Nr 03-29/1
15.02. 2022
Струга Strugë

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис, ____

Бр. 31-1374/1
04.02 2022 год
Скопје

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ:

1. **Министерството за култура на Република Северна Македонија**, со адреса: ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61 - Скопје, застапувано од министерот за култура **Бисера Костадиновска - Стојчевска** (во натамошниот текст: Министерството) од една страна и

2. **Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински"-Струга**
(во натамошниот текст: Установата) застапувана од В.д. Дирек. Јован Василески адреса ул. Боре Хаџиеш бр. 69, тел. 046 786 644, жиро-сметка 180100009160314 единствен даночен број 4026974105377, депонент на банката Стопанска, од друга страна, на ден 15.02.2022 склучија

**Д О Г О В О Р**

**за учество во финансирање на Годишната програма за работа на Националната установа Музеј „д-р Никола Незлобински" од Струга за 2022 година од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство**

**Член 1**

(1) Со овој договор се уредуваат правата, обврските и одговорностите на Министерството и на Установата во врска со финансирањето и остварувањето на Годишната програма за работа на Установата за 2022 година од областа на музејската дејност и заштита на нематеријалното културно наследство (во натамошниот текст: Годишната програма).

(2) Министерството ќе учествува во финансирањето на Годишната програма со средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 год. во вкупен износ од **1.565.000 (еден милиони петстотини шеесет и пет илјади ) денари и тоа за:**

1. **Програмски активности на установата**

| Бр. 1 | Проекти | денари |
|---|---|---|
| 1.1 | Доостручување на самостоен препаратор, опремување и адаптирање на музејската лабораторија | 120.000 |
| 1.2 | Едукативна работилница - Ендемиските риби во Охридско езеро | 40.000 |
| 1.3 | Превентивна заштита на музејските експонати и музејскиот | 90.000 |

| | | |
|---|---|---|
| | материјал од музејски штетници | |
| 1.4 | Презентација на ранохристијанските мозаици од базиликата во с.Октиси од V век во новоизграден објект - Конаци со изложбен простор | 150.000 |
| 1.5 | Осовременување на депоата во НУ Музеј д-р Никола Незлобински - Струга 3-та Фаза | 350.000 |
| | **ВКУПНО:** | **750.000** |

| Бр. 2 | **МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | **денари** |
|---|---|---|
| 2.1 | Материјални трошоци за реализација на Програмата - конто 464990 | 400.000 |
| | ВКУПНО | **400.000** |

| Бр. 3 | **ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **денари** |
|---|---|---|
| 3.1 | Исплата на електрична енергија - конто 421110 | 90.000 |
| 3.2 | Исплата на други комунални услуги (вода и ѓубрарина) - конто 421190 | 45.000 |
| 3.3 | Други материјали за греење-конто 421290 | 80.000 |
| | ВКУПНО | **215.000** |

| | |
|---|---|
| Бр. 4. | Исплата на отпремнини и парична помош во случај на смрт на вработен и смрт на член од потесното семејство на вработен, согласно со Законот за извршување на Буџетот за 2022 година, во износ од 200.000 денари. |

| | | |
|---|---|---|
| Вкупно: 1 + 2 + 3 +4 | Еден милиони пестотини шеесет и пет илјади денари | **1.565.000** |

(3) Составен дел на овој договор е финансискиот план за остварување на Годишната програма.

### Права, обврски и одговорности на Министерството

### Член 2

(1) Министерството има обврска средствата од член 1 став (2) од овој договор да ги преведува во согласност со месечно одобрените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, а задолжително врз основа на:

- доставено писмено барање од Установата до Министерството за исплата на средствата;
- побараната динамика за користење на средствата од страна на Установата
- финансискиот план за остварување на Годишната програма.

(2) Министерството нема да започне со преведување на средствата од член 1 став (2) од овој договор, се додека Установата не ги достави потребните акти од ставот (1) на овој член.

(3) Целосното исплаќање на средствата за секој од проектите од член 1 од овој договор, Министерството ќе го изврши по доставувањето на наративен и детален финансиски извештај со соодветна придружна документација (договори, фактури, пропаганден материјал) за проектот.

(4) Деталниот финансиски извештај од ставот (3) на овој член се поднесува на Образец за финансиски извештај, кој е достапен на веб страницата на Министерството.

(5) Министерството има право да побара дополнителни материјали, документација и докази за проверка на Образецот од став (4) на овој член.

(6) Министерството нема да ги признае потрошените финансиски средства за проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор како наменски потрошени, без целосно приложена документација (фактури, сметки, спецификации, авторски и изведувачки договори, банковни изводи и/или друга документација утврдена со овој договор) со која се потврдува оправданоста на потрошените средства.

(7) Во случај кога Установата ќе приложи докази, односно документација за направени трошоци кои не кореспондираат со реалната цена на чинење, Министерството задолжително ќе побара од Установата дополнително образложение за износот на средствата за кои е направен трошокот.

(8) Во случај кога и по доставеното образложение на Установата за износот на потрошените средства, Министерството ќе утврди дека потрошените средства за реализација на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор се повисоки од реалната цена на чинење или дека дел од средствата се ненаменски потрошени или дека дел од трошоците се неоправдани или за реализацијата на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор се потрошени помалку средства од средствата утврдени во членот 2 од овој договор, задолжително ќе се склучи анекс на договорот со Установата, со кој ќе се утврди конечниот износ на средства кои се реални, наменски и оправдано потрошени за реализација на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор. Установата е должна анексот на договорот да го врати до Министерството потпишан во рок од 10 дена од неговиот прием.

(9) Министерството има право непосредно да ги контактира сите правни и физички лица кои според приложената документација учествувале во реализација на проектот и на кои корисникот им исплатил средства согласно овој договор.

(10) Министерството не е одговорно директно или индиректно за штети што произлегуваат од било каква активност на корисникот при реализацијата на проектот од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор и не може да прифати барање за надомест или зголемување на исплата на средства за таквата штета или повреда.

## Член 3

(1) Министерството врши контрола и надзор над законитото, наменското и економичното користење на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, за што Установата е должна на Министерството да му овозможи целосен и непречен увид во документацијата и реализацијата на Годишната програма.

(2) Трошоците направени над износот на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, Министерството нема обврска да ги намири.

## Права, обврски и одговорности на Установата

**Член 4**

(1) Установата е должна да ја реализира Годишната програма заклучно со 31.12.2022 година.

(2) Установата е должна наменски да ги користи средствата добиени од Министерството и да ја реализира Годишната програма во рамките на обезбедените средства од Министерството и од други извори.

(3) Установата има обврска средствата од членот 1 став (2) од овој договор да ги користи наменски, законски, економично и рационално и во функција на непречено остварување на Годишната програма и за тоа да води соодветна финансиска евиденција и документација во согласност со законските прописи.

(4) За реализација на Годишната програма Установата е должна до Министерството за култура да доставува квартални извештаи.

**Член 5**

Покрај средствата од членот 1 став (2) од овој договор, приходите кои Установата ќе ги оствари од други извори (закупнини, самофинансирачки активности, спонзорства, донации итн.), е должна да ги користи за континуирано и непречено остварување на дејноста на Установата, согласно закон.

**Член 6**

Установата е должна на својата веб страница, односно во средствата за јавно информирање да ги објави проектите кои ќе ги реализира во тековната година.

**Член 7**

(1) На пропагандниот материјал од проектите од членот 1 став (2) од овој договор, Установата треба на соодветен начин да го објави учеството на Министерството во нивното финансирање.

**Член 8**

(1) Установата е должна до крајот на март 2023 година до Министерството да достави Извештај за реализацијата на Годишната програма, кој содржи: наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, согласно важечките прописи.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член Установата е должна да го достави на Образец кој е објавен на веб страницата на Министерството.

**Член 9**

Установата е должна на својата веб страница, односно во средствата за јавно информирање до крајот на март 2022 година да го објави извештајот за реализацијата на Годишната програма.

**Член 10**

(1) За реализација на Годишната програма, Установата има обврска, согласно со позитивната законска регулатива, да ги регулира правата и обврските

на Установата кои произлегуваат од реализацијата на проектите од членот 1 став (2) од овој договор.

(2) Установата при реализација на проектите од членот 1 став (2) од овој договор, задолжително ќе ги почитува и применува одредбите од Законот за јавните набавки, Законот за авторското право и сродните права и другите позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

## Измени и дополнувања на Договорот

### Член 11

(1) Министерството го задржува правото на измена на висината на средствата од членот 1 став (2) од овој договор, согласно со измените на висината на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, за што ќе се случи анекс кон овој договор.

(2) За потребата од евентуални измени и дополнувања на Годишната програма, Установата има обврска писмено да го информира Министерството за култура и да ги образложи причините. Измени и дополнувања на износот на средствата и на намените на средствата од членот 1 став (2) од овој договор и измени на проектите од членот 1 став (2) точка 1 од овој договор може да се врши само со претходна согласност на Министерството и со склучување на анекс кон овој договор.

### Член 12

При секој облик на комуникација – доставување на известувања за измена и дополнување на овој договор, доставувања на извештаи поврзани со овој договор, задолжително е со наведување на архивскиот број на овој договор и називот на проектот.

### Член 13

Министерството и Установата се единствени договорни страни во овој договор. Министерството во никој случај не е договорно поврзано со учесниците во проектот/ите од членот 1 став (1) точка 1 од овој договор.

### Член 14

(1) За се што не е регулирано со овој договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

(2) Евентуалните спорови во врска со извршувањето на Договорот, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено, а во случај на спор, надлежен е стварно-надлежниот суд во Скопје.

### Член 15

Договорот е составен во четири (4) еднакви примероци, по два (2) за двете договорни страни.

Член 16

Договорот влегува во сила од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**НУ „Д-р Никола Незлобински" Струга**
**В.Д. Директор,**

Јован Василески

________________________

**Министерство за култура,**
**Министер,**

________________________

**Бисера Костадиновска - Стојчевска**

Подготви: Рефик Бајрами, советник
Согласен:Afed Jashari, помошник раководител на сектор
Одобри: Оливера Ливриниќ, раководител на сектор